( Образец ПП……)

**До: ___Министерство за животна средина и просторно планирање___**
**(имател на информацијата)**

**Б А Р А Њ Е**

**ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР**

Од: ___[redacted]_____

(се наведуваат податоци за Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Застапник / полномошник на барателот на информацијата: ______________________

____________________________________________________________

(се наведуваат податоци за можниот застапник/полномошник на Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер:

__Кои се мерките што ги презема Министерството за животна средина и просторно планирање во изминатата година, вклучувајќи и активности поврзани со справување со отпад, намалување на загадувањето на воздухот и заштита на природните ресурси?___

(опис на информацијата која се бара)

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:

- а) увид
- б) препис
- в) фотокопија
- г) електронски запис
- д) друго ________________________________________

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:

- а) по пошта
- б) телефон
- в) факс
- г) е-маил
- д) друго ________________________________________

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Правна поука: Барателот не е должен да го образложи барањето, но е потребно да наведе дека се работи за Барање за слободен пристап до информација од јавен карактер.

**Потпис**

**Во __Скопје__, _26.12.2024_ година .**

____________________________________

(доколку барањето се поднесува во хартиена форма)

Бул. Гоце Делчев бр.18 Скопје, П.Фах.561 / Bul. Goce Dellçev nr.18 Shkup F.P.561 / Blvd. Goce Delcev no.18 Skopje, PO.Box.561 тел./tel/phone:+389 2 3127 453; +389 2 3118 038/ факс/faks/fax:+389 3114 695
Web: http://www.aspi.mk/ e-mail: aspi@aspi.mk

Врз основа на член 20 став (2) од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, министерот за животна средина и просторно планирање донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

Се **прифаќа** барањето број 09-36/1 од 09.01.2025 година за пристап до информации од јавен карактер, согласно член 20 став (2) од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, поднесено од страна на [redacted]

*О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е*

Електронското барање кое се однесува на пристап до информации од јавен карактер доставено на мејл на ден 26.12.2024 година, архивирано со број 09-36/1 од 09.01.2025 година од страна на [redacted], е прифатено.

Барателот од МЖСПП ги бара следните информации:
*„Кои се мерките што ги презема Министерството за животна средина и просторно планирање во изминатата година, вклучувајќи и активности поврзани со справување со отпад, намалување на загадувањето на воздухот и заштита на природните ресурси?"*

Секторите во МЖСПП ги доставија следните одговори по однос на барањето:

<u>Сектор отпад</u>
Во изминатот период, Министерството за животна средина и просторно планирање најголем акцент посвети на воспоставувањето на интегриран самоодржлив регионален систем за управување со отпад за секој од планските региони во Република Северна Македонија, бидејќи општините во сите региони на Република Северна Македонија покажаа многу ниски капацитети (и технички и финансиски) за да можат самостојно да го воспостават овој систем.

Со цел да се надмине посточката состојба со управувањето со отпадот и воспставување на овој регионален систем во сите плански региони во државата, а со тоа и ќе се надмине создавањето на таканаречените „диви депонии", Владата е посветена на изнаоѓање средва за финасирање на овие регионални системи, било преку креднитни линии или преку обезбедување на грантови од ЕУ или други фондови.

Генерално обврската за увид и контрола дали отпадот е исфрлен, оставен, спален, напуштен или отстранет на начин спротивен на овој закон е под надлежност на градоначалникот на општините и градоначалникот на град Скопје и доколку сопственикот или корисникот на имотот на кој се наоѓа отпадот не го отстрани или одбие да го отстрани отпадот на начин предвиден со овој закон, отпадот ќе го отстрани давателот на услугата, односно на правното или физичкото лице овластено за собирање и транспортирање на отпад врз основа на правен акт издаден од градоначалникот на општината, односно градоначалникот на градот Скопје на трошок на сопственикот или корисникот на имотот. Доколку отпадот е оставен на приватен имот без одобрение од сопственикот или корисникот на имотот, сопственикот или корисникот на имотот го информира градоначалникот на општините и градот Скопје, кој треба да преземе соодветни мерки за отстранување на отпадот, како и мерки против сторителот. МЖСПП, и покрај тоа што надлежноста за отсранување на дивите депонии е под локалната самоуправа, секоја година одвојува средства од буџетот за чистење на ваквите локации, а по доставени барања од страна на општините. Во изминатите 5 години се исчистени вкупно 63 локации низ различни општини во државата. Дополнително преку ИПА фондовите се финасира затворање на сите нестандардни локации за отсранување на отпад во североисточниот и источниот плански регион.

Министерството за животна средина и просторно планирање ја информира Владата на Република Северна Македонија дека врз основа на член 47 став (3) од Законот за проширена одговорност на производителот за управување со посебните текови на отпад (*) ("Службен весник на Република

Северна Македонија” бр. 215/21 и 73/24) средствата собрани од надоместокот уплатени согласно со прописите за посебните текови на отпад се користат за поттикнување на активности за постигнување на националните цели за посебните текови на отпад утврдени во прописите за посебните текови на отпад.

Согласно член 48 од Законот за проширена одговорност на производителот за управување со посебните текови на отпад (*) за постигнување на националните цели за управување со посебните текови на отпад утврдени во прописите за посебните текови на отпад, на предлог на стручниот орган, министерот донесува Програма за управување со посебните текови на отпад. Програмата се донесува за временскиот период за кој се донесува Националниот план за управување со отпад согласно Законот за управување со отпадот, односно има важност до 2031 година. Програмата е донесена на 1 август 2022 година, со број 11-6048/1 и е објавена на веб страната на министерството за животна средина и проторно планирање.
Врз основа на оваа програма се предлага годишната програма за финансирање на управувањето со посебни текови на отпад, на предлог на министерот за животна средина, а која ја донесува Владата на Република Северна Македонија.
Со Годишната програма за управување со посебни текови на отпад се утврдува намената и доделувањето на средствата кои ќе се користат за поттикнување на активности за постигнување на националните цели за посебните текови на отпад утврдени во прописите за посебните текови на отпад. Донесени се три програми (2023, 2024 и се подготвува за 2025 година).

Со овие Програми се финасира изградба на инфраструктурни објекти за собирање, преработка, рециклирање и отстранување на отпад од поширок јавен интерес во Република Северна Македонија, потоа и набавка на возила за собирање на отпад од хартија, тетрапак, пластика и метал, за руралните општини Република Северна Македонија. Исто така, се набавија канти и контејнер за селекција на овие видови на отпад.

<u>Македонски информативен центар за животна средина</u>

Министерството во рамките на своите ингеренцции постојано работи на спроведување на своите надлежности како спроведување на мониторинг на квалитет на воздух, имлементација на ЕУ проекти, изготвување на национални документи и поддршка на ЕЛС за изработка на локални планови.

Имено, **Државниот автоматски мониторинг систем за квалитет на амбиентен воздух**, кој се состои од 21 фиксна и 1 мобилна мониторинг станица е во функција. МЖСПП континуирано врши одржување, сервисирање и калибрација на мерните инструменти, во согласност со расположивите резервни делови и потрошни материјали.

Во последните неколку година активно се работи на модернизација и обнова на Државниот мониторинг систем за квалитет на воздух со средства обезбедени од националниот буџет и различни донаторски проекти (ЕУ, Шведска влада и Меѓународна агенција за атомска енергија) со што беше извршена замена и надградба на инструментите, проширување на мрежата и обезбедување на комплетно функционирање на државниот мониторинг систем. Со буџетски средства на МЖСПП во 2021 година се реализираше набавка на 2 нови мониторинг станици и истите се поставија во Прилеп и Берово во декември 2021, и во 2022 година исто така со средства обезбедени од буџетот на МЖСПП се реализираше набавка на уште една мониторинг станица и истата се постави во октомври 2022 во Охрид. Во тек се подготвителни активности за поставување на мониторинг станица во Штип.

Со оглед дека со децентрализацијата најголемиот дел од оперативните зафати се во ингеренција на локалните самоуправи, вклучително и справување со изворите на загадувањето на воздухот, нашето Министерство ги подржува Единиците на локална самоуправа во подготовката на **Плановите за квалитет на воздух** (тоа е законска обврска Единиците на локлана самоуправа), преку програмата за инвестиции во животна средина, а дел и преку проектни активности. Досега се донесени планови за Агломерација Скопски регион, за градовите Тетово, Битола Струмица, Куманово Кавадарци, Гостивар, Прилеп, Велес и Охрид. Изработени се локалните планови за општините Кичево, Кочани

Струга, Штип и Гевгелија, но истите треба да се усвојат од страна на советите на општините. Во тек е изработка на планови за квалитет на воздух за Струмица и ажурирање на плановите за Куманово, Кавадраци, Гостивар и Струга во рамките на проектот „Справување со загадувањето на воздухот“ имплементиран од страна на УНДП.

Од Програмата за инвестиции во животната средина за период 2021-2023 година се финансираше и изработка на **катастри на загадувачи на воздухот** за седумнаесет општини. Катастрите овозможуваат идентификација на изворите на загадување на воздухот и утврдување на количините на емисии на загадувачки супстанци во воздухот, со кој се овомoжува приоретизација на мерките за намалување на аерозагадувањето.
Во рамките на ИПА 3 проектот "ЕУ за Чист воздух", чија главна цел е да придонесе за намалување на загадувањето на воздухот во Северна Македонија и намалување на ризиците по здравјето на луѓето, односно да се подобри квалитетот на воздухот во четири големи градови во Северна Македонија (Скопје, Битола, Тетово и Куманово), се предвидени следните активности:

- промена на системите за греење во 70 јавни објекти во четири општини (Скопје, Битола, Тетово и Куманово)
- набавка на 6 еколошки автобуси за поддршка на јавниот превоз во Скопје
- набавка на 6.000 садници и нивна дистрибуција во четирите градови
- Изработка на Физибилити студија за натамошно проширување на топлификационата мрежа во Скопје
- Набавка на опрема за мониторинг на воздух

Заедно со Државниот инспекторат за животна средина и просторно планирање започната е активност за вонредна и континуирана посета на индустриските капацитети за кои имаме издадено А -Интегрирана еколошка дозвола во текот на грејната сезона со цел да се зголеми внимателност при исполнувањето на обврските од Дозволите.

Со поддршка на Европската Унија, преку ИПА 2 програмата во ноември 2024 година започна проектот „Подршка за имплементација на директивите за квалитет на воздух“. Целта на проектот е поддршка во подготовка на новата законска рамка за квалитет на воздух и подготовка на национални плански документи вклучително и Национален план за заштита на амбиентниот воздух, поддршка во проценката на изворите на загадување, како и одржување на тренинг сесии на релевантните власти на централно и локално ниво за правилна имплементација на законодавството за квалитет на воздух.

Имплементацијата на мерките во одделни сектори како енергетика, транспорт, земјоделие е во надлежност на други министерства.

Сектор природа

Мерките за заштита на природните ресурси се наведени во НАЦИОНАЛНАТА СТРАТЕГИЈА ЗА ЗАШТИТА НА ПРИРОДАТА, достапна на следниот линк:
https://www.moepp.gov.mk/wp-content/uploads/2014/12/%D0%9D%D0%B0%D1%86%D0%B8%D0%BE%D0%BD%D0%B0%D0%BB%D0%BD%D0%B0-%D1%81%D1%82%D1%80%D0%B0%D1%82%D0%B5%D0%B3%D0%B8%D1%98%D0%B0-%D0%B7%D0%B0-%D0%B7%D0%B0%D1%88%D1%82%D0%B8%D1%82%D0%B0-%D0%BD%D0%B0-%D0%BF%D1%80%D0%B8%D1%80%D0%BE%D0%B4%D0%B0%D1%82%D0%B0-2017-2027.pdf
Акциите се наведени во Годишната програма за работа за заштита на природата за 2025. Истата ќе биде објавена на веб-страницата на МЖСПП, веднаш штом ќе биде одобрена од Владата на РСМ.

Ви благодарам на соработката.

*Правна поука: Против ова Решение може да се поднесе жалба до Комисијата за заштита на правото заслободен пристап до информациите од јавен карактер во рок од 15 дена од денот на приемот на ова решение.*

По овластување на министер,
Милена Стојановска